,

0Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. /23

_________2023 година

СКОПЕ

**ДО**

**СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД РАБОТНАТА ПОСЕТА НА ОСНОВНИОТ СУД Д.

Врз основа на Заклучокот заведен во Советот под бр. 03-475/2 од 24.02.2023 година, со кој е формирана работна група од членовите на Судскиот совет- Л. Г. – Координатор за следење на работата на Основниот суд Дебар, П. Ц. и Х. З. членови на Советот , спроведена е работна посета во судот на ден 01.03.2023 година .

Цел на посетата е да се изврши увид во работата на судиите во Основен суд Д. , согласно член 20 став 3 од Судскиот деловник и тоа: почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија, почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, констатирање на евентуален застој во работата на судиите, како и причините за застојот, каква е состојбата со старите нерешени и застарени предмети во судот; констатирање и проверка на постапките по иземање во предметите како и оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа во судот.

Со цел за успешна реализација на посетата,претходно обезбедени се податоци од Годишниот извештај за работата на

Основен суд Дебар за 2022 година, од Извештајот за предмети во работа по судии и Акцискиот план за намалување на старите предмети во сите оддели и отсеци на Основен суд Д. за 2022 година и предмети за иземање - 2022 година .

Основниот суд Д. во 2022 година, согласно организацијата и надлежноста на судовите согласно Законот за судовите(Сл.весник на РМ бр. 58/2006,35/2008.150/10,83/18 , 198/18 и 98/19 е со основна надлежност за подрачјето на општините Д. и Ц. Ж.Имајќи ја предвид надлежноста, работата во судот е организирана во два оддели како организациони единици и тоа- Кривичен оддел и Граѓански оддел. Врз основа на работите и задачите од својата надлежност што произлегува од Законот за судовите, судот со ангажирање на сите вработени работел на целосна реализација на Програмата за работа на судот за 2022 година.

Согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија од 26.11.2015 година за утврдување на бројот на судиски места по судови, судиската функција во Основен суд Д. утврдено е да ја вршат 5 судии вклучувајќи го и претседателот на судот. Од судиските места пополнети се 4 места од кои едно е во мирување поради избор на судијата И. И. за Заменик директор во Академијата за судии и јавни обвинители С..Во 2022 година судиската функција во судот ја извршувале 3 судии вклучително со претседателот на судот.

Со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во ОС Д., работите од судската служба е предвидено да ги извршуваат 52 извршители од кои еден извршител од раководни судски службеници,19 извршители од стручни судски службеници, 23 извршители од помошно стручни судски службеници, 2 извршители помошно технички работи и 8 извршители од припадници на судска полиција.

Во 2022 година работните задачи од судската служба ги извршувале 23 извршители од кои 3 извршители со договор за вработување на определено време.од стручните судски службеници се 5 извршители, од помошно стручните судски службеници се 13 извршители, од припадниците на судската полиција се 4 извршители и 1 извршител од помошно технички работи. Во 2022 година со договор за вработување на определено време е вработени 3 извршители од кои 2 извршители од групата судски

службеници и 1 извршител –хигиеничар.Во 2022 година унапредени биле 6 судски службеници , а потребно е да се пополнат упразнети работни места и тоа 1 извршител архивар,1 извршител судски референт и 1 хигиеничар.

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер доставени биле 11 барања , на кои во законскиот рок позитивно било одговорено.

При работната посета беше анализиран бројот на нерешени предмети, имено Основниот суд Д. 2022 година ја започнал годината со остаток 492 предмети а ја завршил со остаток од 410 предмети (по сите основи) и го намалил заостатокот во однос на претходната година за 82 предмета, а со тоа остварил резултати како ажурен суд.

Судот на почетокот на 2022 година по сите основи имал нерешени предемти на почетокот на годината 492 предмета од кои 471 редовни и 21 повторно заведени.Во текот на годината примени биле по сите основи 10848 предмети од кои 10788 новопримени и 60 повторно заведени предмети,, погрешно заведени предмети 5, а вкупно во работа имал 11335 од кои 11254 редовни и 81 повторно заведени предмети.

Основниот суд Д. во 2022 година по сите основи решил 10952 предмети од 10872 редовни и 53 повторно во работа предмети, а на крајот на 2022 година на ниво на суд по сите основи останале нерешени 410 предмети од кои 382 редовни и 28 повторно заведени предмети. Погрешно биле заведени 4 предмети –( разни кривични предмети).

Според бројот на примени и решени предмети судот во извештајната 2022 година го совладал приливот и го намалил заостатокот во однос на претходната година за 82 предмети, а со тоа остварил резултати на ажурен суд.

Според статистичките податоци за движење на предметите на ниво на суд во 2022 година во споредба со претходната година се констатира намалување на приливот за 358 предмети а има зголемување на предметите во уписниците Кривичен совет вон расправа, Приговор за неправилности при извршувањето, работни спорови, разни кривични предмети и заверки и тоа во уписникот КС за 10 предмети, во уписникот ППНИ за 10 предмети, во уписникот

РО за 13 предмети,во уписникот РКП за 201 предмет и во уписникот ЗАВ за 119 предмети.

По основ на времетраењето на постапката од вкупно решените 10242 предмети , во која бројка не се опфатени бројот на решени предмети судска управа и оставина во работа на повереник, времетраењето на постапката е : до 1 месец решени се 9856 предмети или 96,33 %, Од 1-3 месеци решени се 295 предмети или 2,88%, од 3-6 месеци решени се 36 предмети или 0,35 % и над 6 месеци решени се 55 предмети или 0,53%.

Според области од кои произлегуваат старите предмети може да се утврди дека нерешени предмети во кривичниот оддел се 17 предмети – повикување лица на издржување казна затвор-КУИКП, 7 предмети за кривично полнолетни-К.

Нерешени предмети во граѓански оддел: 309 оставина, 4-физичка делба, 7 ВПП предмети, или вкупно 320 предмети, 7 предмети парнични мала вредност, 1 платни налози по приговор, 8 семејни спорови, 16 работни спорови, 29 имотни спорови, 5 облига циони спорови, вкупно 66 предмети.

По однос на предметите од судска управа, во ОС Д., нема нерешени предмети.

Во 2022 година на ниво на суд по сите основи вкупно во работа имало 250 предмети од кои 175 стари предмети пренесени од претходната година и 75 стари предмети регистрирани во текот на годината. Решени биле 90 стари предмети, а останале нерешени 160 стари предмети од кои 6 предмети повикување на лица на издржувањае казна затвор, 9 предмети имотни-П1, 1 предмет – облигациони спорови-П4, 1 предмет парнични мала вредност-МАЛВП, 3 предмети ВПП и 140 предмети оставина(во работа на повереник нотар).

Претседателот на Основен суд Д., судијата М.М. покрај работите од менаџирање на судот и предмети во надлежностна претседател на суд, согласно распоредот за работа на судиите и вработените во судот за 2022 година , како судија постапувал по премети во кривичниот и граѓанскиот оддел.

Во 2022 година судија М. М. претседател на ОС Д. вкупно во работа имал 7 стари предмети, од кои 2 пренесени од претходната година.Во текот на 2022 година решил 4 стари предмети, а на крајот

на годините останале нерешени 3 стри предмети од кои 1 предмет П1 и 2 предмети ВПП.

Во 2022 година судијата Д. И. постапувал по предмети во граѓанскиот оддел, а во случај на спреченост на судиите од кривичниот оддел, постапувал и по предмети од кривична област.

Во 2022 година судијата Д. И. вкупно во работа имал 19 стари предмети, решил 8 стари предмети, а останале нерешени 11 стари предмети од кои 1 предмет МАЛВП,1 предмет ВПП, 8 предмети П1 и 1 предмет П4.

Во 2022 година судијата О. А. постапувал по предмети во кривичниот оддел, а во случај на спреченост на судиите од Граѓанскиот оддел, постапувал и по граѓански предмети.

Во текот на 2022 година судијата О. А. вкупно во работа имал 11 стари предмети,решил 5 стари предмети, а останале нерешени 6 стари предмети,решил 5 стари предмети, а останале нерешени 6 стари предмети КУИКП од кои 4 предмети кај истиот судија и 2 предмети пренесени од друг судија.

По однос на старите нерешени предмети, видно од информацијата СУ бр. 01-2/2023-1 од 15.02.2023 година доставена до претседателот на судот и до Судскиот совет, произлегува дека заклучно со 31.01.2023 година судијата О. А. имал 6 стари нерешени предмети и тоа предмети за извршување на казна затвор КУИКП.Тоа се следните предмети:

1. КУИКП бр. 6/08 осуден К. А. со пресуда на Основниот суд С. 1 С. на 12 години.Предметот бил оформен на 05.05.2018 година.На ден 15.09.2008 година е издадена наредба- потреница.Од ОВР ПС ОН НК КР Д. известени биле дека за истиот е распишана Централна потерница на 26.05.2008 година како и Меѓународна потерница. За истиот предмет се напишани 25 ургенции до ОВР ПС ОН Д. по кои – продолжуваат активностите за пронаоѓање на осудениот. Апсолутна застареност настапува на 01.02.2048 година.
2. КУИКП бр. 10/2008 осуден Ќ. К. на казна затвор од 12 години. Предметот бил оформен на 05.05.2018 година.На ден 02.06.2008 година е издадена наредба- потерница.Од ОВР ПС ОН НК КР Д. известени биле дека за истиот е распишана Централна потерница на 10.06.2008 година како и Меѓународна потерница. За истиот предмет се напишани

25 ургенции до ОВР ПС ОН Д. по кои – продолжуваат активностите за пронаоѓање на осудениот. Апсолутна застареност настапува на 01.02.2048 година.

3. КУИКП бр. 21/2017 осуден Ф. С. на казна затвор од 2 години. Предметот бил оформен на 06.11.2017 година.На ден 07.12.2017 година е издадена наредба- потерница.Од ОВР ПС ОН НК КР Д. известени биле дека за истиот е распишана Централна потерница на 15.12.2017 година како и Меѓународна потерница. За истиот предмет се напишани 16 ургенции до ОВР ПС ОН Д. по кои – продолжуваат активностите за пронаоѓање на осудениот. Апсолутна застареност настапува на 03.10.2023 година.
4. КУИКП бр. 18/19 осуден А. Ј. на казна затвор од 4 месеци. Предметот бил оформен на 03.07.2019 година.На ден 03.09.2019 година е издадена наредба- потерница.Од ОВР ПС ОН НК КР Д. известени биле дека за истиот е распишана Централна потерница на 13.09.2019 година а распишана е на 04.12.2019 и Меѓународна потерница. За истиот предмет се напишани 10 ургенции до ОВР ПС ОН Д. по кои – продолжуваат активностите за пронаоѓање на осудениот. Апсолутна застареност настапува на 09.05.2023 година.

**5** КУИКП бр. 3/20 осуден Д. П. на казна затвор од 6месеци. Предметот бил оформен на 10.01.2020 година.На ден 14.02.2020 година е издадена наредба- потерница.Од ОВР ПС ОН НК КР Д. известени биле дека за истиот е распишана Централна потерница на 13.03.2020 година како и Меѓународна потерница на 21.10.2020 година. За истиот има известие од ОВР ПС ОН Д. по кои – продолжуваат активностите за пронаоѓање на осудениот.

**6.** КУИКП бр. 7/20 осуден Р. А. на казна затвор од 3 месеци. Предметот бил оформен на 19.02.2020 година.На ден 04.03.2020 година е издадена наредба- потерница.Од ОВР ПС ОН НК КР Д. известени биле дека за истиот е распишана Централна потерница на 25.03.2020 година како и Меѓународна потерница на 25.12.2020 година. За истиот предмет се напишани 7 ургенции до ОВР ПС ОН Д. по кои – продолжуваат активностите за пронаоѓање на осудениот. Апсолутна застареност настапува на 06.02.2024 година.

Од наведеното произлегува дека овие стари нерешени предмети се како резултат на објективни причини бидејќи осудените лица не се достапни.

Претседателот на судот, судијата М.М.има стари нерешени предмети и тоа :

**1**.ВПП 9/22 (ВППбр. 10/20) предметот се наоѓа во Бирото за судски вештачења и кога ќе се врати предметот ќе се заврши истиот.

**2**.ВПП бр. 21/20 има донесено решение за супер вештачење и предметот е доставен во Бирото за судски вештачења С.По добиеното супер вештачење донесено е решение за прекин на постапката на 14.10.2022 година, до решавање на претходно прашање.

Претседателот на судот изјави дека ниту тој ниту судиите во Основниот суд Д. не се во родбински врски со петмината адвокати, ниту со нотарите кои што имаат седиште во Д.Воедно изјави дека постоел проблем со нотар А. Ч. , кој проблем е надминат и сега има тројца нотари.

Во врска со оставините , Основниот суд Д. донел одлука Су.бр. 06-1/23 од 15.02.2023 година, за формирање комисија од судот за вршење надзор на работењето на повереник нотар по предметите – оставина , која има задача да изврши надзор во работењето на повереник нотар А. Ч. по однос на предметите дадени на нотарот.

По однос на оставинските предмети во Основниот суд Д. од извештајот за месец јануари-2023 година произлегува дека има остаток- нерешени 302 предмети.

Воедно беше разгледана претставката заведена во Судскиот совет на Република Северна Македонија- УПП.бр. 08-35/23 од 23.02.2023 година , поднесена од адвокат Д. К. од О. која се однесува за незадоволство од постапување на судија на Основен суд Д., по предметот П1 бр. 55/15, нов број П1бр. 8/21 , имено според известувањето на претседателот на судот, горенаведениот предмет моментално се наоѓал во Основното јавно обвинителство Д., кој на ден 14.02.2023 година доставиле барање КО бр. 12/23 за да вршат увид во списите на граѓанскиот предмет.

Беше извршен изврши увид во предметите од СУ ИЗЗ уписникот од 2022 година, по барања за изземање на судија за 2022 година .

Во 2022 год Основен суд Д. се поднесени 22 барања за изземање од кои 12 барања од судии 6 барања од странките за изземање на нотар 3 барања од странки, кои се одбиени а се однесувале за изземање на судии и едно барање поднесено од адвокат кое е одбиено.

Од извршен увид во барање за изземање Су бр ИЗЗ бр 2/2022 год., Су бр ИЗЗ бр 3/22 , Су бр ИЗЗ бр 4/22 , Су бр ИЗЗ бр 5/22 Су бр ИЗЗ 6/22 и Су бр ИЗЗ 7 /22 и истите се поднесени од судијата М.М.до Заменик претседателот од причина што истиот согласно Годишниот распоред на судии е распореден да работи како судија по предмети ППНИ и со оглед дека странките во граѓанскиот предмет се истите за кои за што истиот одлучувал согласно чл.65 ст.1 и чл. 64 ст.1 т 6 од ЗПП, истиот е изземен.

Сите останати изземања се по истиот член и по истиот основ.

Видно од изземање Су ИЗЗ .бр 10/22 Претседателот на судот го иземал нотарот Р. А. од Д. од постапување по предмет О.бр 329/21 и одлучил истиот предмет да се даде на друг нотар според азбучниот ред на презиме на нотарот.

Одлуката е донесена врз основа на барањеод учесникот од причина што погоренаведениот нотар не постапил по дадениот предлог за расправање на оставина воедно по писмена изјава погоре наведениот нотар се согласил со неговото изземање

Претседателот на судот одлуката ја донел согласно чл.64 ст.1 т 6 од ЗПП и чл.135 ст.1 од Законот за нотаријат .

Видно списите по предметот од СуИЗЗ бр 8/22 одлуката на Претседателот на судот е донесена идентично барање на странки за постапување на нотар Р. А. заради нарушени фамилијарни односи и врз основа на истите одредбите од законот.

Предметот Су ИЗЗ 22/22 година- донесено е решение за изземање на нотар А. Ч. од постапување по предмет од причина штое поднесено барање од учесникот затоа што е пронајден нов имот е и поднесен нов предлог за поведување на оставинска постапка.

Согласно горенаведените постапки Претседателот донел решение за изземање на нотарот.

По однос на предметот Су ИЗЗ бр 19/22 донесеното решение од Претседателот на судот е изземање на нотар Р. А. а по барање на учесникот затоа што им се нарушени меѓучовечките односи фамилијарно од претходно. Врз основа на горенаведените одредби Претседателот на судот одлучил до го изземе горенаведениот нотар.

Со решение Су бр ИЗЗ 16/22 Претседателот на судот го иземал нотарот Р. А. по постапување по предметот О.бр 176/22 од причини што во барањето на учесникот е наведено дека им се нарушени подолг период фамилијаните односи врз основа на горенаведени причини Претседател на судот донел решение за изземање на нотар.

По однос на нотарите , до 04.04.2017 година постапувал само еден нотар-А. Ч.,а од 08.10.2021 година и нотарите М. Б. и Р. А.

Видно од списите на предметот СуИЗЗбр. 13/22 постапувајќи по барање на адвокатска канцеларија на К. за изземање на постапување на Претседателот на судот од постапување по предметот П1 бр 33/21 затоа што пристрасно го водел предметот, не вршел тонско снимање на рочиштето, не го ценел поднесениот одговор на предлог и донел решение за повлекување на тужбата Зам. Претседателот на судот судијата О. А. го одбил барањето од причина што согласно чл.64 ст.6 од ЗПП, не постојат околности кои што можат да ја доведат во сомнение пристрасноста на судечкиот судија и дека истите се жалбени наводи за кои може да сеизјави жалба.

Постапувајќи по по барање на Претседателот на судот по предметот Су ИЗЗ бр. 21/22 Заменик Претседател на Основен суд Д. , го изземал судијата од постапување по предметот ВПП бр 2/22 година од причина што странките во предметот се во сродство втор братучед на судечкиот судија.

При посетата во Основен суд Д. разгледани се предмети по граѓанска материја П1 со претходен број П1 бр 17/17 и П1 бр 10/18 по тужба на тужителот Ј. Ј. и Ш.Ј. застапувани од адвокат М.Д. од Д.,против тужените Н.Ј. и Ф. Ј., по основ редуцирање на законско наследување во тестаментално наследување, по истиот предмет постапувал судијата Д. И., истите се застпувани од

полномошник адвокат Д. П. од С. , додека тужените судот со решение П1 бр 17/2017 од 11.12.2017 год.,определил прекин на постапката од 13.12.2017 до правосилното завршување на постапката по предметот П1 бр 17/2017 оформен по тужбата на тужителот Н.Ј. Ш. Ј. против тужените Ј. Ј. од с.П. и Ш. Ј. од Д. основ поништување на спогодба за делба за недвижен имот вредност на спорот 40.000.00 ден

По прекинот, предметот е презаведен под нов бр П1 бр 10/2018 год., по спроведената постапка донесена е пресуда П1 бр 10/2018 од 26.01.2021 година

Со решение Гж бр 433/21 од од 07.10.2021 пресудата на овој суд е укината пошто е оформен нов предмет по П1 бр 28/21.

Судот од кога е вратен предметот и оформен нов предмет закажал рочиште на ден 25.01.2022 год на кое судот утврдил дека од страна на полномошникот на тужителите поднесен е поднесок за прекинување на постапката поради смрт на тужениот Ф. Ј .

Од страна на полнм на тужените е доставена потврда под ИВЗ за извршен погреб од страна на полномошникот на тужените е поднесен извод од запис на смрта матична служба Л. Г. со превод на македонски јазик

Судот се обидел да добие податоци од Мк Д. се утврди дека неговата смрт не заведена во матичните книг на умрените при МПУ за водење наматични книги Подрачна канцеларија Д..

Освен полномошникот на тужителите бил поднесен поднесок со кој се наведуваат полномошник на покојниот Ф. Ј. и нивните адреси

Судот донел наредба за донесување известување за превземање на постапката од страна на наследниците на пок. тужен кои се наоѓаат во Република Г. со известување на судот за податоци на наследниците.Рочиштето го закажал за ден 26.12.2022 год. Доставувањето на наведените писмени ќе се изврши преку МВР на РСМ.

Од страна на Министерството за надворешни работи на РСМ судот е известен дека доставувањето на наведените писмени потребно е да се изврши преку Министерството за правда на РСМ, пошто истите со барање од 30.11.2022 год се доставени до наведеното Министерство со закажување на главна распава за

10.02.2022 год., ова рочиште не е одржано поради смрт на член на семејство на судејќиот судија - неговата мајка и е закажан за 27.03.2023 год предметот е во постапката.

Исто така разгледан е предметот П1 бр. 46/2018 год предметот е оформен по тужба на И. М.од с. О. преку адвокат И. П. од О. против тужениот З. М. од с. О. основ утврдување на сопственост вредност на спорот 150.000.00 ден.

Со решение на судот П1 бр 46/18 год од 11.02.2021 год., на предлог на полномошникот на тужителот а поради отсутност на сведоци и странките кои се наоѓале во странство и поради пандемијата Ковид 19, судот определил прекин на постапката а согласно чл.201 ст.1 т.2 од ЗПП и определил дека прекинот ќе трае се додека има услови за продолжување на постапката.

По поднесен предлог за поднесување на постапка донесено е решение П1 бр 46/2018 год од 01.07.2022 год за продолжување на постапката по што е оформен предмет П1 бр 18/22. На ден 12.07.2022 год. одржано е рочиште за главна расправа на кое е продолжена доказната постапка сослушување на сведоците и истото е одложено за ден 29.09.2022 год на истото закажано рочиште не се јавиле сведоците со назнака дека поканите се вратени и дека истите се наоѓаат во странство , и по предлог на полномошникот рочиштето е одложено за ден 27.12.2022 год.

На закажаното рочиште од 27.12.2022 год., сослушан е еден сведок и тужителот во својство на странка додека за другите сведоци немало докази за уредна достава од кои причини презакажано било рочиштето за ден 07.02.2023 година.

Закажаното рочиште за истиот ден не е одржано бидејќи на судечкиот судија му починала мајката предметот е презакажан за ден 24.03.2023 год предметот е во тек.

По предметот П1 бр 22/2022 год по тужбата на тужителот З. Ш. од г П. против туженот Ф. А. од г П. за утврдување право на сопственост оформен е предмет П1 бр 13/2019 год. По спроведената постапка донесена е пресуда П1 бр 13/2019 год од 01.11.2021 година. Со решение Гж бр 113/22 од 25.08.2022 год Апелационен суд Г. пресудата е укината по што е оформен предмет П1 бр 22/2022 година.Закажано е подготвително рочиште на ден 24.10.2022 год., и истото со соглед дека тој ден е неработен е пренасочен за ден 11.11.2022

година.Подготвителното рочиште од 11.11.2022 година е одложено за ден 20.12.2022 година кое е одржано, закажано е рочиште за главна расправа на ден 07.02.2023 година на кое повторно треба да се сослушаат сведоците и странките во својство на странки и се очекува да постапката заврши.Рочиштето од 07.02.2023 година е одложено за ден 28.03.2023 година поради болест на тужителот кој се наоѓал на Клиника за неврологија во Скопје и истиот имал доживеано парализа на долните екстремитети.

Предметот ВПП бр 21/20 Министерството за финансии Управа за имотно правни работи- Подрачно одделение за првостепена управна постапка Д. на ден 18.06.2020 год до судот достави предмет за определување на правичен надомест за експропроиран недвижен имот со правосилно решение УП 1 бр 25/83 правосилно на ден 17.02.2020 год а по кој е оформен предмет под бр. 11/2020 год По спроведената постапка донесено е решение ВПП бр 11/2020 од 26.10.2021 година.Со решение Гж. Бр. 118/22 од 20.07.2022 год., решението на овој суд е укинато, по што е заведен предмет ВПП бр 21/22. Во повторената постапка одржана на ден 26.10.2022 год на која согласно напатствијата била донесена наредба за дополнување на супервештачење и закажано било рочиште за ден 22.12.2022 година.

Од страна на работната група беше побарана листа од АКМИС-от за извршено заведување на предметите кои се примени во судот во јануари 2023 година и од истата може да се утврди дека најголем број од предметите примени во судот во јануари 2023 година се заведени истиот ден , односно примени се кај судија истиот ден кога се примени во судот, дел од предметите се примени по еден ден или 3, 4 или 5 дена.

По однос на застарени предмети судијата О. А., од изјавата на судијата до Претседателот на Основен суд Д. - Су бр -2-23 од 04.01.2023 година и кое е доставено и до Судскиот совет произлегува дека заклучно со 31.12.2022 год., имал два застарени предмети КУИКП 45/16 и КУИКП 3/17 , за исто осудено лице Б. О. од Република А. , а заради апсолутна застареност на извршување на казната затвор.

1.КУИКП 45/16 во Одделение за извршување на санкции при Основен суд Д.,доставено е известување за извршување на казна

затвор према осуденото лице Б. О. од Република А., заведено во судот под КУИКП 45/16 од 12.12.2016 год., по правосилна пресуда на Основен суд Д. К бр 33/2016 од 14.11.2016 година, правосилна на ден 29.11.2016 година и извршна на ден 08.12.2016 година за кривично дело – Тешка кражба од чл 236 ст.1 т.1 од КЗ,осуден на казна затвор од 2 години и два месеци.На ден 12.12.2016 од страна на судијата за извршување на санкции изготвени се и доставени три налога за упатување на извршување на казната затвор на осудениот и тоа до КПУ Затвор И., до осудениот на ден 26.12.2016 год од страна на МВР ЦВР О. доставено е известување по извршени оперативни проверки за осуденото лице со констатација дека истиот се наоѓа во Република Г.Истиот ден издадена била наредба од страна на судијата за извршување на санкции за издавање на потерница и доставена до надлежното МВР СВР О. ПС Д.На ден 29.12.2016 година до Основен суд Д. доставено е известување од КПУ И. со кое известува дека осуденото лице на 26.12.2016 год не се јавило за издржување на казната затвор .На ден 19.01.2017 год до ОС Д. и судијата доставено е известување од страна на МВР СВР О. НК Д. дека за осуденото лице е распишана централна потерница на ден 11.01.2017 година. На ден 25.07.2017 од страна на надлежниот судија доставена прва ургенција до СВР О. ПС Д. со барање податоци за активностите за пронаоѓање и приведување на осуденото лице. На ден 12.10.2017 год до судијата за извршување на санкции од страна на СВР О.НК Д. доставено е известување дека за осуденото лице е распишана централна потерница на 11.01.2017 година и дека активностите за пронаоѓање на осуденото лице продолжува. На ден 18.01.2018 година доставена е втора ургенција од страна на судот со исто барање за известување во врска за активностите за пронаоѓање и приведување на осуденото лице а на ден 29.01.2018 година вратено до МВР СВР О. Нк Д. известување дека продолжуваат активностите во врска со распишаната централна потерница .На ден 07.06.2018 година вратено исто известување до судот .На ден 15.08.2018 год од страна на судот доставена е ургенција бр 3 за исто барање за постапување по кое на 07.09.2018 год., вратен е одговор дека продолжува активноста. На ден 27.09.2018 год., од страна на МВР СВР О. Нк Д. доставено е барање бр 32.4.8.-2054/1 со барање да судијата за извршување санкции за донесување на потрага за осуденото лице Б. О. од Р. А. која на

01.10.2018 година е доставена до надлежниот орган .Во врска со истото лице е доставено известување од страна на судијата за извршување на санкции за предметот на осуденото лице и за конкретните предмети КУИКП бр 45/16 и 3/2017 со известување дека предметите застаруваат за извршување на казната затвор и тоа од 29.11.2022 год и 25.12.2022 година. На ден 22.01.2019 година до Основен суд Д. доставено е известување од Министерство за правда според кое осуденото лице согласно известувањето од Интерпол Т. А., се наоѓа во притвор и се бара можност за извршување на домашната пресуда во А., односно упатува на примена на одредбите од Договорот меѓу м. и а. влада за извршување на судските одлуки .

Со ист датум од страна на судијата се доставени до Министерство за правда пресуди со превод на 05.02.2019 година доставена е ургенција бр 4 , на 26.08.2019 год ургенција бр 5 во која од страна на судијата за извршување на санкции писмено е известено СВР О. ПС ОН Д. за изјавата за поднесување на меѓународна потрага на ден 16.01.2020 година, урегенција бр 6 со барање за известување од МВР СВР О. Нк ПС Д. до каде е постапката за пронаоѓање на осудениот како и барање податоци дали е потврдено дека за истиот е распишана меѓународна потреница .

Од одговор на 22.01.2020 година видно од вратената повратница,стои дека за осуденото лице на ден 05.11.2018 год е распишана потерница и продолжува со постапката за пронаоѓање и приведување.На ден 04.02.2020 година од страна на судијата за извршување на санкција е доставено барање до Министерство за правда за барање на правно мислење во делот на постапувањето и информации во врска со предметите кое се водат во Основен суд Д. во дел на извршување на санкции казна затвор за осудени лица со пресуда на домашни судови а се државјанин на Република А. барањето се однесува за 9 ,меѓу кои и по двата предмети КУИКП 45/16 и КУИКП 3/2017 за истото осудено лице. Ургенција бр 7 доставена на ден 28.02.2020 година, вратено од 11.03.2020 година од страна на МВР СВР О. НК Д. со одговор дека активностите за приведување продолжуваат .

На ден 28.05.2020 год доставено е барање за одстапување на извршување на правосилна кривична пресуда од страна на ОС Д. до Министерство за правда - Сектор за меѓународна правна

помош Скопје, со достава на правосилни пресуди со превод на албански јазик на Основен суд Д. со кое Министерството за правда на ден 26.06.2020 год ги враќа барањата на судот согласно чл.3 ст. 1 т. 8 од Договорот меѓу м. и а. влада за меѓусебн о извршување на судски одлуки во кривични предмети ( Сл. Весник бр 16/1998 год ) .

Во разговор со судијата, извести дека причините за враќање на предметните одлуки е заради фактот дека таков договор меѓу двете влади немал и од тие причини продолжувал со урегенциите за пронаоѓање и постапување по потерниците .

На ден 14.07.2020 год ургенција бр 8, 25.12.2020 год ургенција бр 9, 01.04.2021 год., ургенција бр 10, 21.07.2021 год., ургенција бр 11, 19.01.2022 год., ургенција бр 12, 07.03.2022 год ургенција бр 13, 19.05.2022 год., ургенција бр 14, 21.07.2022 год., ургенција бр 15, 29.09.2022 год ургенција бр 16, 11.11.2022 год., ургенција бр 17, со посебно нагласување дека застареноста настапува на ден 29.11.2022 год.,

По сите ургенции , вклучително и последната се доставуваат известувања од страна на СВР О. ПС НК Д. со известување дека продолжуваат активноститте за пронаоѓање на осуденото лице и на ден 05.11.2018 год е распишана меѓународна потерница .

На ден 30.11.2022 год од страна на судијата за извршување на санкции врз основа на чл. 109 ст.1 т.5 и чл.111 ст.5 од КЗ е донесено решение со кое се запира извршувањето на казната затвор према осудениот Б. О. од Република А., заради апсолутна застареност на казната затвор која настапила на ден 29.11.2022 год., наредбата на овој суд за приведување и издавање потерница од 26.12.2016 год како и изјавата за поднесување меѓународна потрага од 01.10.2018 год се повлекуваат .

Предметот КУИКП 3/17 во врска со извршување на казната затвор од две години шест месеци за истото лице Б. О. од Република А. по правосилна пресуда на овој суд К.бр 38/16 Предметот за извршување на санкција е оформен на ден 23.01.2017 година.

Бидејќи се работи за истото лице како и во предметот КУИКП 45/16 ,видно од увидот во предметот е дека на идентичен начин судијата за извршување на санкции постапил со достава на ургенции со барање за постапување по потерница, но постапката

за извршување завршила со неуспешно пронаоѓање и испорачување на осуденото лице од 26.12.2022 година кога постапката е запрена поради апсолутна застареност на предметот.

Заклучоци

1. По однос на старите нерешени предмети, се постапува согласно Акциониот план за решавање на стари предмети, им се дава приоритет и се наоѓа решение на месечно ниво со цел намалување на нивниот број. Судиите секој месец доставуваат извештаи за стари и нерешени предмети, наведувајќи ги причините и преземените дејствија, така што од дадените изјави се намалува бројот на стари предмети, освен тие за кои постојат објективни причини.

2.По однос на предметите за изземање, констатирано е дека има 22 барања, по сите ажурно е постапено. Во Барањата со донесени Решенија за изземање, постојат законски и образложени причини врз основа на кои претседателот на судот ги донел одлуките за изземање. Во предметите од СУ.ИЗЗ хронолошки не е констатирано постапување спротивно на законските прописи, донесените решенија содржат образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за изземање.

3.По однос на предметите од судска управа, нема нерешени предмети

4.По однос на предметите за слободен пристап до информации од јавен карактер, се постапува ажурно, без застој согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

**5.** Судиите месечно доставуваат извештаи за стари и нерешени предмети со причини за нерешавањето, така што реално е да се очекува да се намали бројот на стари нерешени предмети, освен предметите кои од објективни причини не можат да се решат.

6. Се констатира добро менаџирање со работата на судот од страна на претседателот на судот и воедно добри меѓучовечки односи и позитивна атмосфера за работа .